УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – ШТИП
ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ

UDC 622:55:574:658 ISSN 185-6966

# Природни ресурси и технологии
# Natural resources and technology

## ноември 2013
## november 2013

**ГОДИНА 7**
**БРОЈ 7**

**VOLUME VII**
**NO 7**

**UNIVERSITY "GOCE DELCEV" – STIP**
**FACULTY OF NATURAL AND TECHNICAL SCIENCES**

# ПРИРОДНИ РЕСУРСИ И ТЕХНОЛОГИИ
# NATURAL RESOURCES AND TECHNOLOGY

**За издавачот:**
Проф. д-р Зоран Панов

| Издавачки совет | Editorial board |
| --- | --- |
| Проф. д-р Саша Митрев | Prof. Saša Mitrev, Ph.D |
| Проф. д-р Зоран Панов | Prof. Zoran Panov, Ph.D |
| Проф. д-р Борис Крстев | Prof. Boris Krstev, Ph.D |
| Проф. д-р Мирјана Голомеова | Prof. Mirjana Golomeova, Ph.D |
| Проф. д-р Благој Голомеов | Prof. Blagoj Golomeov, Ph.D |
| Проф. д-р Зоран Десподов | Prof. Zoran Despodov, Ph.D |
| Проф. д-р Дејан Мираковски | Prof. Dejan Mirakovski, Ph.D |
| Проф. д-р Кимет Фетаху | Prof. Kimet Fetahu, Ph.D |
| Проф. д-р Ѓорѓи Радулов | Prof. Gorgi Radulov, Ph.D |

| Редакциски одбор | Editorial staff |
| --- | --- |
| Проф. д-р Зоран Панов | Prof. Zoran Panov, Ph.D |
| Проф. д-р Борис Крстев | Prof. Boris Krstev, Ph.D |
| Проф. д-р Мирјана Голомеова | Prof. Mirjana Golomeova, Ph.D |
| Проф. д-р Благој Голомеов | Prof. Blagoj Golomeov, Ph.D |
| Проф. д-р Зоран Десподов | Prof. Zoran Despodov, Ph.D |
| Проф. д-р Дејан Мираковски | Prof. Dejan Mirakovski, Ph.D |

| Главен и одговорен уредник | Managing & Editor in chief |
| --- | --- |
| Проф. д-р Мирјана Голомеова | Prof. Mirjana Golomeova, Ph.D |

| Јазично уредување | Language editor |
| --- | --- |
| Даница Гавриловска-Атанасовска (македонски јазик) | Danica Gavrilovska-Atanasovska (macedonian language) |
| **Техничко уредување** | **Technical editor** |
| Славе Димитров | Slave Dimitrov |
| Благој Михов | Blagoj Mihov |

| Редакција и администрација | Address of the editorial office |
| --- | --- |
| Универзитет „Гоце Делчев” - Штип | Goce Delcev University - Stip |
| Факултет за природни и технички науки | Faculty of Natural and Technical Sciences |
| ул. „Гоце Делчев“ 89, Штип | Goce Delcev 89, Stip |
| Р. Македонија | R. Macedonia |

# СОДРЖИНА

**Николинка Донева, Зоран Десподов, Дејан Мираковски, Марија Хаџи Николова**
ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА КАРПЕСТАТА МАСА СО ИНЈЕКТИРАЊЕ ........ 5

**Стојанче Мијалковски, Зоран Десподов, Цветан Ѓорѓиевски, Горан Богдановски, Дејан Мираковски, Марија Хаџи-Николова, Николинка Донева**
СОВРЕМЕНИ ТЕКОВИ НА ГЕОДЕЗИЈАТА ВО ПОДЗЕМНОТО РУДАРСТВО ........ 15

**Елена Панева, Дејан Мираковски, Борис Крстев, Горан Басовски**
МЕТОДОЛОГИЈА ЗА МОНИТОРИНГ НА ЕМИСИЈА НА НЕОРГАНСКИ ЦВРСТИ ЧЕСТИЧКИ ВО ВОЗДУХОТ ОД ДЕПОНИЈА ЗА ОТПАД ........ 21

**Горан Басовски, Борис Крстев, Елена Панева, Бранка Петровска**
ПАРАМЕТРИ ЗА МОНИТОРИНГ И ЕФЕКТИВНА ЗАШТИТА ОД СУША ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ........ 31

**Марија Хаџи-Николова, Дејан Мираковски, Николинка Донева**
ПОЛИТИКА ЗА КОНТРОЛА И УПРАВУВАЊЕ НА БУЧАВАТА ВО УРБАНИ СРЕДИНИ ........ 39

**Марјан Попандонов, Дејан Крстев, Горан Попандонов, Александар Крстев, Борис Крстев**
МОЖНИ РЕСУРСИ ЗА РЕЦИКЛИРАЊЕ ОД ИНДУСТРИСКИ И ЕЛЕКТРОНСКИ ОТПАДИ СО СОВРЕМЕНИ ТЕХНОЛОГИИ ........ 51

**Сашка Голомеова, Винета Сребренкоска, Силвана Жежова**
ТРЕТИРАЊЕ НА ЦВРСТ ТЕКСТИЛЕН И КОМУНАЛЕН ОРГАНСКИ ОТПАД ........ 67

**Петар Намичев, Екатерина Намичева**
УРБАНИОТ КОНЦЕПТ НА ГРАДОТ ОД 19 И
ПОЧЕТОКОТ НА 20 ВЕК ВО МАКЕДОНИЈА ........................................ 77

**Петар Намичев, Екатерина Намичева**
ОСНОВНИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ НА УРБАНИОТ
КОНЦЕПТ НА НОВО СЕЛО – ШТИПСКО ВО 19 И
ПОЧЕТОКОТ НА 20 ВЕК ........................................................................ 85

**Васка Сандева, Катерина Деспот**
КОРИСТЕЊЕ НА ЛИКОВНИТЕ ПРИНЦИПИ ВО
ЕКСТЕРИЕРНИОТ И ЕНТЕРИЕРНИОТ ДИЗАЈН
(ВРЗ ПРИМЕРОТ НА ЕДИНСТВО И КОНТРАСТ) ................................ 95

**Катерина Деспот, Васка Сандева**
ДЕКОРАТИВЕН ДИЗАЈН ВО ЕНТЕРИЕРОТ И
ЕКСТЕРИЕРОТ .......................................................................................... 103

UDC: 711
Стручен труд

# ОСНОВНИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ НА УРБАНИОТ КОНЦЕПТ НА НОВО СЕЛО – ШТИПСКО ВО 19 И ПОЧЕТОКОТ НА 20 ВЕК

**Петар Намичев[1], Екатерина Намичева**

**Краток извадок**

Населбата Ново Село, како издвоена целина, има третман на урбана целина поради близината на градот Штип, но и поради јасната структура од урбани елементи и содржини. Населбата содржи улици, сокаци, дворни места, плоштадни површини, маалски целини, инфраструктурна мрежа, сакрални објекти, станбени објекти со просторни урбани карактеристики и автентичен урбан склоп на станбените градбите со градителски споменички вредности, со елементи карактеристики за урбана населба. Притоа просторната концепција на станбените објекти, со простории од градската куќа од 19 и почетокот на 20 век од македонските градови, се надоврзува на урбаното функционирање на населбата. Кај овие станбени објекти каде што не може да се дефинира строг типолошки модел, поради разновидноста на формите, претставува автентична вредност и оригинална архитектонска форма на станбен објект.

**Клучни зборови:** *населба, маало, куќа, двор, сокак, градителство*

1) Универзитет „Гоце Делчев", Факултет за природни и технички науки, Штип, Р. Македонија
University "Goce Delcev", Faculty of Natural and Technical Sciences, Stip, R. Macedonia

# MAIN CHARACTERISTICS OF URBAN CONCEPT OF NOVO SELO - STIP AT 19th AND THE EARLY 20th CENTURY

**Petar Namicev, Ekaterina Namiceva**

**Abstract**

Novo Selo neighborhood as a whole has a separate treatment of urban area because of the proximity of the city Stip, but also because of the clear structure of urban elements and content. The settlement includes streets, alleys, yards, forum areas, neighborhood units, network infrastructure, sacred buildings, residential buildings with urban spatial features and authentic urban within residential buildings with masonry monumental values, elements that are characteristic of urban settlement. The spatial concept of residential buildings with rooms of city house from the 19th and early 20th century of Macedonian cities, builds on the functioning of urban settlement. These residential buildings where you cannot define a strict typological model, due to the diversity of forms, an authentic value and original architectural form of residential building.

**Key words**: *village, neighborhood, house, yard, alley, architecture*

Положбата на градот Штип и населбата Ново Село се географски поврзани со реката Брегалница, на нејзиното средно сливно подрачје. Следејќи го развојот на урбаниот дел на градот Штип, односно развојот на населбата под Исарот, логично во продолжение на патниот правец, по течението на Брегалница се создале услови за формирање на населбата Ново Село со урбан концепт.

## 1. Историски податоци - влијание на формата на населбата

Освојувањето на османлиите во 1395 година влијае врз формирањето на урбаниот маалски концепт на градот Штип од двете страни на реката Отиња. Во овој временски период се формираат првите маала, кон крајот на 18 век. Според ова, логично се надоврзува и растежот на населбата Ново Село, како дервенџиска населба, која е оформена веднаш по османлиското освојување на градот од страна на Турците. Според пишаните извори за прв пат селото се споменува како населба, како вакавот на султанот Бајазит-хан, со регистрирани 21 христијанско домаќинство (Стојановски А., 1974). Економската моќ на штипската чаршија се споменува во патеписите на Евлија Челебија од 1661 година, каде што говори за 450

еснавски и занаетчиски дуќани (Челеби Е., 1967), со јавни објекти, безистен, кафеани, бањи, карван -сарај и сл. Тој споменува 2.240 добро сочувани убави куќи градени од цврст материјал, со приземје и кат. При крајот на 18 и првите децении на 19 век доаѓа до интензивно населување во градот и зголемување на бројот на маалата. Во Ново Село се забележани чисто македонски маала: Црква, Јавор и Ридарска. Имињата се дадени според одредени топоними, објекти (црквата „Успение на св. Богородица") или карактеристични препознатливи локациски маркери (јавор, рид и сл.). Во 17 век патеписецот Хаџи Калфа споменува силен економски центар како Штипски кадилак (Костиќ К., 1922). Цвијиќ во почетокот на 20 век запишал за убавината на градот и многубројните турски двокатни куќи (Цвијиќ Ј., 1906). При крајот на 19 век се споменуваат 900 дуќани (Челеби Е., 341, 342). Штип имал концепт на урбана населба од балканско-ориентален тип, се развивала сè до Првата светска војна, кога турското население ги напушта куќите во 1912 година. Новонаселеното христијанско население истите објекти ги адаптира, се сместува во напуштените веќе создадени за одреден начин на живот и ги приспособува на своите потреби. Сите влијанија што ги доживува, трансформира и пребродува урбаниот концепт на градот Штип, на сличен начин ги отсликува и во населбата Ново Село, во својот развој. Со развојот на трговијата и занаетчиството се појавила и класна диференцијација, слична како во градот, поради неговата непосредна близина. Жителите на Ново Село биле носители на значајни национално-преродбенички активности и секаков вид активности за прогресивни напредни идеи. Од особено значење било здружувањето на градската и селската буржоазија со населението, со цел за национално движење и оформување на својот јазик и култура. Пример на активноста на населението од Ново Село е печатењето книга на првиот преродбеник Јоаким Крчовски. Првите училишта функционирале со повисок степен на образование, каде што имало околу 150 ученици и се изградиле посебни училишта во Ново Село (1877 г.), со градители –мајсторки тајфи од Прилепско и во Штип (Смически К., 390-393). Подоцна, во Ново Село било отворено и читалиште (1873 г.). Според одредени пописи на населението во селските населби и градот Штип, населението во населбата Ново Село се брои заедно со градското, поради непосредната близина и населението, како на пример во статистиката од крајот на 19 век на Кънчов В., каде што се презентирани 10.900 жители во градот Штип и Ново Село заедно (Кнчов В., 1900).

Според презентираниот историско-културен развој на градот Штип и населбата во неговата непосредна околина Ново Село, можеме да одредиме пристап на третирање на урбан контекст на населба со паралелен развој

со урбаниот концепт на градот Штип, кој е речиси просторно споен во една целина. Начинот на развој на Ново Село, според условите што ги имаат населбите од рурален тип, се разликува по пристапот на влијанија од близината на градот и начинот на живот на населението кое живее во него.

## 2. Урбан контекст на населбата

По целата должина на локацијата на развојот на населбата е формирана главна улица со голем обем на фреквенција, од каде што се поврзани и други неколку споредни улички со попречна насока. Тие продолжуваат да се прошируваат кон највисоките коти на теренот на населбата или кон речното корито. Уличната мрежа се развивала во текот на развојот на населбата со еден рурален контекст, но поради близина на урбаниот растеж на градот Штип, со текот на времето прераснува во заедничка просторна целина, поврзана сообраќајно, просторно и административно. Сликата на населбата како целина наликува на урбано градско јадро, кое се развива според потребите на населението, нивната економска моќ и градежните услови на одреден период во кој се градат станбените објекти на традиционален начин, во најголем обем во 19 и почетокот на 20 век. Притоа се развиваат градби со урбани карактеристики наликувајќи на сите елементи што ги имаат македонските градови од овој период. Урбаниот контекст на формирање на населбата можеме да го поткрепиме со начинот на рационалната искористеност на просторот, што е карактеристика за урбаните јадра во Велес, Охрид, Кратово или Крушево од истиот период. Кај поголемиот дел објекти пристапот е директен од улицата, со порта што води во простран трем, карактеристика на традиционалната македонска куќа од овој период. Објектот расте во височина, со исфрлање на еркери надвор од линијата на приземјето, зголемувајќи ја корисната површина на катот. На тој начин се формира карактеристичен модел на просторна форма на станбен објект, кој произлегува во најголема мерка од потребите на семејството.

Урбаниот контекст на индивидуалните станбени куќи содржи дополнителен квалитет и во однос на поставеноста на објектите еден кон друг. Често габаритот на куќата нема допирни точки со соседот, се поставува самостојно со приземјето, максимално ориентирана кон улицата. Друг тип на објекти се габарити кои се поставени во низа, формирајќи линиски поставени објекти, со различни волуменски композиции со меѓусебен однос на игра на контрастни светли и темни површини.

Урбана форма на сликата на населбата претставуваат одредените проширувања во форма на плоштадни површини, најчесто од почетокот

на главната улица, или на горниот дел од населбата, каде што објектите природно се надоврзале на изохипсите на теренот и формирале отворен простор. Оваа потреба за отворени површини се појавила за одржување на веселби и верски празнувања на православното население, при што учествувале сите жители.

Црквата претставува дел од урбаната целина, со сите придружни помошни објекти, лоцирана на почетокот на населбата. Во просторниот двор најчесто се одржуваат сите обичаи за време на верските празници, како и црковните активности од секојдневниот живот на населението.

Урбаните карактеристики на населбата се надополнети со неколку јавни објекти кои се лоцирани во средиштето, со трговска и друга услужна намена. Постоеле и неколку чешми, од кои денес сите не се во функција и овозможувале снабдување со вода во 19 век, во објектите, со форма на вградени објекти во уличните оградни ѕидови или како самостојни градби, поставени на одреден фреквентен дел на улица. Зеленилото е присутно во тесните отворени простори на дворните места, кои покрај естетската форма што ја надополнува градбата, има и функционална намена за заштита на објектите во одреден период на годината.

## 3. Просторни карактеристики на дворните места

Од урбаниот концепт на локациите оформени во густа мрежа, поради лимитираниот простор, произлегле тесни и мали дворни места. Поради поставеноста на влезовите - портите најчесто на линијата на улицата, дворните места се ориентирана на задниот дел од локацијата, кое според големината се појавува во неколку типа.

Двор поставен на површината од габаритот на објектот за чување на арабаџиска кола или како собирен простор на сите функции на куќата. Овој простор бил надкриен со покривна конструкција, а кон него биле насочени внатрешните прозорци, скалишниот простор, површините на чардакот и помошните простории. Кај овој објект дворното место е ставено во функција на динамика на просториите и негова улога на поврзување со надворешниот простор.

Друга форма на дворно место е отворен простор кој се наоѓа пред куќата или во странична положба, со помошни градби и зеленило.

Кај одредени куќи е изоставен дворниот простор поради ограниченоста на локацијата, постои само габарит на објект, што потполно го потврдува урбаниот концепт на населбата.

Дворните места имале функција на декорација, место за престој и работа со извршување на домашните семејни потреби. Покрај тоа, отворениот простор служи како изолација од јавниот уличен простор и зачувување на мирот и интимноста на внатрешниот простор на куќата.

## 4. Просторни типови на куќи од аспект на урбан тип

Просторната организација на куќата во населбата е слична на објектите од градските куќи во македонските градови од периодот на нивното градење. Како просторни и функционални целини се издвојуваат две групи на простории, економски и простори за комуникација во приземјето и простори за престој на катот или повеќе катови. Просторниот концепт на куќата, иако се развива во рурална населба со градски внатрешни содржини, корените ги влече од градскиот урбан начин на живот. Развојот на станбените објекти произлегува првично од потребите на населението, односно семејната организација, низ неколку колена односно генерации, кога се појавила потребата од проширување на објектите на нова локација. Поради лимитираниот простор најчесто не се применувани интервенции на додавање на простории на постојниот габарит, со што не е нарушена урбаната слика на населбата. Извршувани се адаптации на внатрешниот простор, како посебни простории (засебни одаи за ново семејство) или просторно формирање на просторни единици (одаја, со кујна и посебен влез), или со посебен кат, во постојниот волумен на објектот. Токму овој концепт на приспособување на внатрешниот простор, од економски причини за немање доволно средства за доградби, придонесло надворешната автентична слика на објектите, а со тоа и на населбата, да ја задржи својата форма.

## 5. Фактори на влијание за моделот на куќа

Притоа не можеме да одредиме модел или типолошки различни стандардни решенија на објекти, според некои морални, етнички и економски нормативи, туку просторните решенија зависат од неколку фактори:

1. Потребите на корисниците на куќите се јасно дефинирани со бројот на одаите на катот, просторијата куќа со огниште или кујна со опрема за подготовка на храна и чардак како отворен простор кој функционално ги поврзува сите простории во една целина. Притоа економскиот дел на просториите, пристапниот трем (отворен или затворен), подрумските простории, зимска одаја и други помошни простории, се дел од приземниот дел.
2. Градителите кои се изведувачи на градбите имаат одредено искуство, организирани во градителски тајфи, создаваат просторни решенија со креативен концепт, каде што го применуваат нивното повеќегенерациско искуство со вештината на занаетот, вграден во секој објект посебно. Сите овие елементи се битен фактор во формирањето на просторниот, конструктивниот и надворешниот

естетски концепт на фасадата на куќите и во оваа населба. Градителите посебно внимание обрнувале на надворешниот изглед, на положбата на просториите кои ќе бидат ориентирани кон улицата, дворот или визурите кон градот и населбата. Сето ова придонесува за формирање на структура на градби кои создаваат една целина, со креативни внатрешни содржини, нивна волуменска различност, контрасти на светли и темни тонови, примена на декоративни елементи, однос на внатрешниот и надворешниот простор, структура на применети материјали која се изразува и е највлијателна на фасадите на објектите и сл.

3. Третманот на локалните власти, во однос на развојот на населбата, како рурален или урбан концепт и нејзино приспособување кон законските регулативи. Иако според историските фактори и значењето на населбата Ново Село во рамките на градот Штип и неговата поширока околина ги содржи сите елементи на урбан простор, сепак во одреден период заостанува во развојот од административни причини. Покрај постоењето на инфраструктура – идентична со градот, просторната близина со урбаното јадро на градот, постоењето на јавни и црковни објекти во состав на населбата, нејзиниот развој има бавен тек во однос на другите приградски населби на градот Штип. И покрај овие влијанија структурата на населбата успеала да се развива во рамките на потребите на населението, актуелните услови на општествениот систем (комунално-урбаните законски услови), следејќи ја неопходноста од сообраќајни објекти, кои биле значајни за нејзиниот развој. Затоа и обновувањето на мостовите во нејзината непосредна близина биле од значење за нејзиното поврзување со градот.
4. Економската моќ на семејството одредувала и насока на просторниот концепт, избор на материјал за градба, при што имаме и решенија на објекти со различна големина на габарит кои влијаат на урбаниот концепт и формирање на панорамската слика на населбата.

Овие неколку фактори влијаат за добивање за јасна слика на просторниот модел на куќата во Ново Село и неговата целосна структурно-урбана концепција. Во населбата Ново Село имаме елементи: сокак, главна улица, маалски јадра, плоштадни површини за јавни содржини, хортикултурен природен концепт кој се надоврзува на урбаните парцели, присуство на одредени ситни урбани елементи, како чешма, бунар, старо дрво, стар објект или црковен објект, кои формираат урбана населба.

**Заклучок**

Населбата Ново Село има богата културно-општествена традиција, како една мала населба што се простира на мала површина, но со значење кое ја надминува нејзината мала опфатена територија. Концептот на населба од географски аспект има значајно место на пристапен правец кон градот Штип. Стратешката положба на близина и опкруженост со витална сообраќајница, река од едната страна и ридест терен од другата страна, формира положба со автентичен локациски архаичен код. Притоа се зачувани визурите кон градот и околината, зачувани се мали плоштадни површини на значајните комуникациски точки, како влезот од двете страни на главната сообраќајница, поткрепени со мостови за основно сообраќајно функционирање. Нејзиниот развој се проширил според потребите на населението и надвор од овој концепт, преку мостовите, со формирање на мали јадра од групации на станбени објекти, во насока на спојување со урбаното јадро на градот. Овие групации на куќи се надоврзуваат на основниот урбан концепт на јадрото на населбата. Сето ова говори за формирање на населба со осмислен урбан концепт, кој се дефинирал со текот на времето, приспособен на потребите и големината на населбата. Состојбата на објектите денес ги покажува сите знаци на дотраени објекти, каде што недоволната искористеност ги руинира конструктивните системи. Тоа се должи на немањето можности за нивно обновување, адаптација кон современите хигиенско-технички современи норми на урбано живеење, дотраеност на материјалите и нивна некоординирана заштита. На ова се надоврзуваат и неповолните услови за заштита на спомениците од културата со посебно значење, кои се ставени под Законот за заштита на објекти од културното наследство, но не придонесуваат на теренот за нивна практична примена. Недоволните средства на државните институции и слабата економска моќ на сопствениците доведува до напуштање на овие објекти кои потекнуваат од 19 и почетокот на 20 век. Сè помал е бројот на објекти кои се одржуваат, односно кои активно се користат за живеење. Притоа често се реализираат измени и реконструкции кои не се во склад со архаичноста на објектите и нивната традиционалната форма, со што се уништува историската слика на урбаното јадро на населбата. Покрај сите констатирани состојби на објектите, можеме да говориме за постоење на сè уште вредни објекти и урбан концепт на населбата што треба да се негува, одржува и заштити од несовесни градителски интервенции. Сè уште постојат одредени архаични вредности на населбата како целина или поединечни сочувани објекти, кои можат да се стават во категоријата на вредни објекти од градителското наследство.

**Користена литература**

Костиќ К.(1922). *Наши нови градови на југу*, Београд: монографија, 107.

Кънчов В. (1900). *Македония, етнография и статистика*, София, 230-233.

Смичeски К. (1979). Развојот на школството и просветата во Штип, Школството, просветата и културата во Македонија во времето на преродбата, Скопје, 1979, 390-393.

Стојановски А. (1974).*Дервенџиството во Македонија*, Скопје, 251-253.

Челеби Е.(1967). *Путопис,* Сарајево: монографија, 342.

Цвијиќ Ј. (1906). *Основе за геологију Македоније и Старе Србије,* књ.1, Београд, 227-228.

*Штип низ вековите* (1986). Собрание на Општина Штип, кн.1, Штип: монографија.

**Прилози:**



***Слика 1.*** План на средишниот дел на Ново Село
***Picture 1.*** Plan of the central part of Novo Selo